СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
-Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори-
2.02.2017 година
Скопје

***Во февруари оваа година Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори до Министерството за животна средина и просторно планирање достави текст на:***

**ПРЕДЛОГ-ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗВОЗ, УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ОТПАД**

**Член 1**

Во Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/16), во член 2, став 1, точка 5, потточката б) се менува и гласи:

„б) во случај на пратки отпад што потекнуваат од други држави, а се увезуваат или транзитираат низ Република Македонија (увоз или транзит), е секое правно лице кое има седиште во Република Македонија или во друга држава од која се испраќа отпадот, кое има намера да испрати отпад или да спроведе испорака на отпад и кое има обврска за известување во земјата на испраќање (извезување);“

Во член 2, став 1, точката 7 се менува и гласи:

„7. Пред-согласност е давање на генерална согласност на постројка за преработка на отпад од Прилогот IV и Прилогот V од овој правилник за одреден временски рок и дефинирана количина на отпад од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање;“

**Член 2**

Во член 22, ставот (5) се брише.

Во член 22, во ставот (9), зборот, буквата и бројките: „Прилозите VII и XI“ се заменуваат со зборот и бројката: „Прилог VII“.

Во член 22, во ставот (10), зборот, буквата и бројките: „Прилозите VII и XI“ се заменуваат со зборот и бројката: „Прилог VII“.

Ставовите 6, 7, 8, 9 и 10, стануваат ставови 5, 6, 7, 8 и 9.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предложените измени и дополнувања на Правилникот за извоз, увоз и транзит на неопасен отпад се во насока на потребниот процес на либерализација на извозот, увозот и транзит на неопасниот отпад и овозможуваат поедноставување на постапките за трговија со овој вид на отпад.

Бришење на ставот 5 од членот 22 од Правилникот е потребно од причина што во ставот 4 е веќе дефинирана процедурата за премолчена согласност. Имено, одредбата од ставот 5 од овој член, која предвидува обврска за издавање согласност од страна на надлежното Министерство дури и во ситуациите кога станува збор за неопасен отпад (уредено со член 106, став 3 од Законот за управување со отпадот) е во целосна спротивност со режимот на постапката за општи информации, уредена со Законот за управување со отпадот. Дополнително, во членот 22 од Правилникот се предвидува колизија помеѓу ставовите 4 и 5 од овој член, што доведува до правна несигурност и предизвикува значителни тешкотии за компаниите да ги исполнуваат своите обврски. Впрочем, целта на измените на членот 106 воведени со Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот („Службен весник на РМ“, бр. 39/2016 година), беше либерализација на режимот на неопасниот отпад – цел што е целосно анулирана со повторното уредување на обврска за добивање писмена согласност во наведените ситуации. Ваквото решение не само што предизвикува оддолжување на постапката, туку има и значителни финансиски импликации врз работењето на стопанските субјекти.

Согласно измените во членот 22 со бришење на ставот 5, се предлага и бришење на обрасците од Прилог XI од потребните документи, односно бришење на став 9 и на став 10 од истиот член.

Измените и дополнувања на Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад се од суштествено значење за примена на овој подзаконски акт и за непречено одвивање на деловните активности на субјектите кои се занимаваат со извоз, увоз и транзит на неопасен отпад.

Претседател,
Владо Момировски с.р.